З А П И С Н И К
од Сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 септември 2025 година

Скопје, септември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 септември 2025 година

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Астрит Осени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворшна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Саша Грујевски, претставник од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за здравство - Сметка на основен буџет (637), Сметка на сопствени приходи (787) и Сметка на буџет на заеми (786-72) - Проект за изградба на нови клинички центри во Скопје и Штип

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука - Сметка на основен буџет (637), Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука - Сметка на буџет на заеми (786-70), Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука - Сметка на буџет на донации (785-МО) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука - Сметка на буџет на заеми (786-47)

3. Конечен извештај за извршена ИТ ревизија како ревизија на успешност на тема „Систем за интегрирано планирање на ресурсите (ИПР систем)“

4. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Можност за употреба на вештачка интелигенција во јавниот сектор“

5. Извештај за извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со усогласен текст на Договор

6. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт-текст на Договор

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 23/23)

8. Годишна сметка, Финансиски извештај и Извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки

9. Информација во врска со утврдување на содржината на менаџерските договори и Финансиски модел со Прирачник за одредување на висината на нето платите на извршните членови на одборот на директори, на членовите на управниот одбор, односно управителот кај трговските друштва во сопственост на Република Северна Македонија и генералниот директор, односно заменикот - директор кај јавните претпријатија и другите јавни установи, со прилози

10. Предлог-решение за назначување на копретседател, косекретар и членови на Мешовитата македонско-баварска меѓувладина комисија

11. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Operation Cold Peak 2025“, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Operation Cold Peak 2025“, во Република Унгарија

13. Информација за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во предметите Кипријановски и други против Република Северна Македонија и 12 други апликации (А.бр. 31861/23), со Предлог-одлука

14. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Иса против Република Северна Македонија, А. бр. 25431/23

15. Годишен извештај за 2023 година за спроведувањето на планските документи за регионален развој преку податоци од програмите евидентирани во системот Си-Ре-Ра

16. Информација за формирање на Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026 година и Предлог-одлука

17. Предлог-одлука за формирање Национален совет за финансиски истраги и конфискација на имот

18. Информација за пренесување право на сопственост на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-одлука

19. Информација за реализација на проектот „Реконструкција на спортската сала „Св.Кирил и Методиј“, во Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“, во Скопје“

20. Информација со Годишен извештај за 2024 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година и НАП за родова еднаквост 2022-2024 година, со текст на Годишен извештај за 2024 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година и НАП за родова еднаквост 2022-2024 година

21. Информација за подготовка на предлог на закон за социјално домување

22. Информација за одземање на одобрение за основање Приватна установа за социјална заштита на стари лица ,,ПАНАДА“ ДООЕЛ, с.Орешани - Скопје, со Предлог-одлука

23. Информација за одземање на одобрение за основање Приватна установа за социјална заштита на стари лица „Бранкица“ - Скопје со седиште на ул. „Ѓоре Ѓорески“ бр. 46 Бутел, Скопје, со Предлог-одлука

24. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Железничар“ - Скопје

25. Кадровски прашања

26. Прашања и предлози

27. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, во период од 1.1.2025 година до 31.3.2025 година

28. Годишен извештај за реализација на Програма за промоција и поддршка на туризмот во 2024 година

29. Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Сметка - Основен буџет (660)

30. Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2024 година

31. Барање за давање на автентично толкување на член 3 став (1) точка 4-а) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски

32. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Хилтон, Скопје, со Предлог-решение

33. Записник од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 9 септември 2025 година, со Записник од Петтата седница на Групата за процена, одржана на 9 септември 2025 година и со предлог-одлуки

34. Информација за отпочнување на процес - аплицирање до Зелениот климатски фонд за отварање на Регионална канцеларија на Зелениот климатски фонд во Скопје, Република Северна Македонија

35. Информација за учество на Република Северна Македонија во Програмата EU4HEALTH 2021-2027

36. Барање на Вероника Горбок, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за здравство - Сметка на основен буџет (637), Сметка на сопствени приходи (787) и Сметка на буџет на заеми (786-72) - Проект за изградба на нови клинички центри во Скопје и Штип, како материјали за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за здравство да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Министерството за здравство да подготви и за втората наредна седница на Владата да достави информација за моменталната состојба и преземените активности за адаптација и реконструкција на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“ - Охрид и ЈЗУ Градска општа болница - Струмица, како и кои активности Министерството за здравство ги планира за пуштање во употреба на истите.

<u>Точка 2</u>

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука - Сметка на основен буџет (637), Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука - Сметка на буџет на заеми (786-70), Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука - Сметка на буџет на донации (785-МО) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука - Сметка на буџет на заеми (786-47), како материјали за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од конечните извештаи и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 3

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ИТ ревизија како ревизија на успешност на тема „Систем за интегрирано планирање на ресурсите (ИПР систем)“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за дигитална трансформација и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 4

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Можност за употреба на вештачка интелигенција во јавниот сектор“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука и Агенцијата за заштита на лични податоци, да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 5

Владата го разгледа Извештајот за извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со усогласен текст на Договор и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

2. Се определува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Латвија за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

Точка 6

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за размена и заемна заштита на класифицирани информации, со Нацрт-текст на Договор и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

2. Го прифати Нацрт-текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за размена и заемна заштита на класифицирани информации, како основа за водење на преговори.

3. Се задолжува шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за размена и заемна заштита на класифицирани информации, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

Точка 7

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 23/23) и ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Агенцијата за катастар на недвижности и Секретаријатот за законодавство.

Точка 8

Владата повторно ги разгледа Годишната сметка, Финансискиот извештај и Извештајот за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, за 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

Истовремено, Владата заклучи Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата во врска со утврдување на содржината на менаџерските договори и Финансиски модел со Прирачник за одредување на висината на нето платите на извршните членови на одборот на директори, на членовите на управниот одбор, односно управителот кај трговските друштва во сопственост на Република Северна Македонија и генералниот директор, односно заменикот-директор кај јавните претпријатија и другите јавни установи, со прилози и имајќи го предвид Мислењето на Министерството на економија и труд ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го достави унифицираниот стандарден текст на менаџерски договор и Финансискиот модел со Прирачник за одредување на висината на нето платите на извршните членови на одборот на директори, на членовите на управниот одбор, односно управителот кај трговските друштва во сопственост на Република Северна Македонија и генералниот директор, односно заменикот - директор кај јавните претпријатија и јавните установи, до сите трговски друштва (акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност во државна сопственост), како и до јавните претпријатија и јавните установи во државна сопственост, за кои е применлив финансискиот модел.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија преку Работната група за следење на извршувањето на менаџерските договори да организира и остварува континуирана соработка, толкување и прилагодување на договорите и на финансискиот модел на сметководството на соодветните институции со лицата одговорни во ТД/ЈП/ЈУ, вклучувајќи ги и раководните лица во овие институции.

Точка 10

Владата го донесе Решението за назначување на копретседател, косекретар и членови на Мешовитата македонско - баварска меѓувладина комисија.

Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Operation Cold Peak 2025“, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Operation Cold Peak 2025“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за

финансии, Министерството за финансии – Царинската управа и Националниот координативен центар за гранично управување и се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки, согласно своите надлежности утврдени со закон, за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персоналот и материјално - техничките средства, на странските вооружени сили на Република Унгарија на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии, Министерството за финансии – Царинската управа и Националниот координативен центар за гранично управување и се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Operation Cold Peak 2025“, во Република Унгарија.

Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во предметите Кипријановски и други против Република Северна Македонија и 12 други апликации (А.бр. 31861/23), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и да донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (во износ од вкупно 34.320 евра, односно износот за секој апликант согласно табелата во прилог, кои треба да бидат исплатени по Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметите Кипријановски и други против Република Северна Македонија и 12 други апликации (А.бр.31861/23), најдоцна до 30 септември 2025 година).

Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Иса против Република Северна Македонија, А. бр. 25431/23 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Иса против Република Северна Македонија, А. бр. 25431/23.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантот во предметот Иса против Република Северна Македонија, А. бр. 25431/23, ќе му исплати вкупна сума од 4.850 евра, односно 4.000 евра за обесштетување на нематеријалната штета и 850 евра за надомест за трошоците, износ кој државата би се обврзала да му го исплати на апликантот за целите на евентуално спогодбено решавање на предметот.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантот во предметот Иса против Република Северна Македонија, А. бр. 25431/23, да не ја прифати

понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

Точка 15

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2023 година за спроведувањето на планските документи за регионален развој преку податоци од програмите евидентирани во системот Си-Ре-Ра и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд, Министерството за образование и наука, Министерството за култура и туризам, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а се укажува на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рок од пет дена, да направат комплетен внес на релевантните податоци за 2023 година од нивните програми/проекти во електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој Си-Ре-Ра (sirera.mk).

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа - Биро за регионален развој, Министерството за образование и наука, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за спорт, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за култура и туризам, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а се укажува на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост, најдоцна до 10 септември 2025 година да направат комплетен внес на релевантните податоци за 2024 година од нивните програми/проекти во електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој Си-Ре-РА (sirera.mk).

Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026 година и Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, Министерството за правда, а се укажува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Судскиот совет на Република Северна Македонија, Основниот кривичен суд Скопје, Агенцијата за управување со одземен имот, Академијата за судии и јавни обвинители и Канцеларијата за поврат на имот (АРО Канцеларија), во рок од три дена до Министерството за внатрешни работи да доставaт номинации на двајца преставници од своите институции за член и заменик-член во Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од пет дена по добивање на номинациите од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, Министерството за правда, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Судскиот совет на Република Северна Македонија, Основниот кривичен суд Скопје, Агенцијата за управување со одземен имот, Академијата за судии и јавни обвинители и Канцеларијата за поврат на имот (АРО Канцеларија), да подготви и до Владата да достави предлог – решение за назначување на претседател, заменик – претседтател, членови, заменици – членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026.

Точка 17

Владата ја донесе Одлуката за формирање Национален совет за финансиски истраги и конфискација на имот.

Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за пренесување право на сопственост на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проект „Реконструкција на спортската сала „Св.Кирил и Методиј“, во Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“, во Скопје“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 година и во наредните 2026 година и 2027 година на Министерство за спорт за реализација на проектот „Реконструкција на спортската сала „Св.Кирил и Методиј“, во Универзитетот „Св.Кирил и

Методиј“, во Скопје“, во вкупна вредност од 54.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 10.000.000,00 денари во 2025 година, со вклучен ДДВ,
- 24.000.000,00 денари во 2026 година, со вклучен ДДВ и
- 20.000.000,00 денари во 2027 година, со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за спорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата со Годишен извештај за 2024 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година и НАП за родова еднаквост 2022-2024 година, со текст на Годишен извештај за 2024 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година и НАП за родова еднаквост 2022-2024 година, ја усвои и заклучи Годишниот извештај за 2024 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година и НАП за родова еднаквост 2022-2024 година, да се достави до Собранието, согласно член 205 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на предлог на закон за социјално домување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд, Министерството за локална самоуправа, Министерството за европски прашања, Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и националниот координатор за креирање и следење на национални стратегии и политики на немнозинските заедници, а се укажува на Регулаторната комисија за домување и Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да достават номинација на еден претставник за учество во експертската работна група до Министерството за социјална политика, демографија и млади, најдоцна до 15 септември 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да формира експертска работна група, најдоцна до 25 септември 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да организира најмалку две средби на експертската работна група, најдоцна до 25 октомври 2025 година.

4. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да организира јавна расправа за предлогот на закон за социјално домување, најдоцна до 10 ноември 2025 година.

5. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, предлогот на закон за социјално домување да го достави до Владата, најдоцна до 8 декември 2025 година.

Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање Приватна установа за социјална заштита на стари лица ,,ПАНАДА-ДООЕЛ", с.Орешани - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на Приватната установа за социјална заштита на стари лица ,,ПАНАДА" ДООЕЛ, с.Орешани - Скопје.

Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање Приватна установа за социјална заштита на стари лица „Бранкица" - Скопје со седиште на ул. „Ѓоре Ѓорески" бр. 46 Бутел, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на Приватната установа за социјална заштита на стари лица „Бранкица" - Скопје.

Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Железничар" - Скопје.

Точка 25

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 26

1. Владата го разгледа Барањето од Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје, за обезбедување на опрема и преведувачи за симултан превод од англиски на македонски јазик и обратно, за Меѓународната научна конференција за одбележување на 50 години од основањето, што ќе се одржи на 10 и 11 септември 2025 година, го прифати Барањето и заклучи:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - секретар за комуникации, односи со јавност и протокол на претседателот на Владата да обезбеди опрема за симултан превод (толкување).

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Сектор за протокол, преведување и односи со јавност да обезбеди тројца преведувачи (толкувачи) од англиски на македонски јазик и обратно.

2. Владата, по повод укажувањето на Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, го задолжи Министерството за спорт, за наредната седница на Владата, да достави информација за статусот на реализација на проектот „Изградба на пливачки базен во Општина Охрид".

Точка 27

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, во период од 1.1.2025 година до 31.3.2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за дигитална трансформација.

Точка 28

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Програма за промоција и поддршка на туризмот во 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за култура и туризам да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 29

Владата го разгледа Акцискиот план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Сметка - Основен буџет (660), како материјал за информирање.

Точка 30

Владата го разгледа Извештајот за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се имаат предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 31

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 3 став (1) точка 4-а) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски и притоа го утврди следното мислење:

Барањето за автентично толкување се однесува на член 3 став (1) точка 4-а) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), која гласи:

„Заем што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основна главнина на друштвото е заем даден од содружник или трето лице во друштво со ограничена одговорност, односно даден од страна на единствениот акционер на друштвото кое е во целосна негова сопственост.“.

Барањето е во насока на тоа дека се наметнува правна дилема во случај кога акционерското друштво поседува сопствени акции, а и самото друштво се јавува како формален сопственик на дел од акциите, што би значело дека согласно член 338 од Законот за трговските друштва, правата стекнати од акциите мируваат, а правата што ги носат обичните акции утврдени во член 278 став 1 од овој закон, не му припаѓаат на друштвото кое поседува сопствени акции.

Тоа значи дека друштвото се јавува како формален имател на акции и не може да ги остварува правата што им припаѓаат на акционерите, во овој случај - акционерот.

На прашањето дали акционерско друштво кое поседува сопствени акции не може да се смета за акционер, односно дека ваквата ситуација не го исклучува правото на трансформација на заем во влог, согласно членот 3 став (1) точка 4-а), се известува дека со цел да се добијат стручни мислења од соодветните институции, а во врска со конкретното барање, инициран и одржан е состанок со номинирани претставници од: Министерство за економија и труд, Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија, Министерство за финансии и Централен регистар на Република Северна Македонија.

На состанокот, претставникот на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија дал предлог и образложение на предметното барање за автентично толкување кое гласи:

,,Од приложените законски одредби неспорно е дека трансформацијата на заем во траен влог во акционерското друштво е можна само во случај акционерското друштво да има еден акционер. Кога пак акционерското друштво има стекнато сопствени акции, така што во акционерската книга на друштвото се запишани покрај акционерот и друштвото, како имател на сопствени акции, одредбата на член 3 став (1) точка 4-а) од Законот за трговските друштва треба да се толкува така што за акционерското друштво кое поседува сопствени акции, кое не може само на себе да биде сопственик, се подразбира дека има статус на друштво со единствен акционер, каде единствениот акционер вложил средства за стекнување на акции во друштвото, поради што, за акционерското друштво кое поседува сопствени акции дозволено е да спроведе постапка за зголемување на основната главнина со заем што се трансформира во влог во друштвото, кој што е даден од единствениот акционер на друштвото кое е во целосна негова сопственост.“.

Исто така, на состанокот е констатирано дека досега во државните институции немало ваков случај и ова би било прв пример за постапување и во Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и во Централниот регистар на Република Северна Македонија, доколку Собранието оцени дека се согласува со предлог-мислењето, дадено од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и Централниот регистар на Република Северна Македонија, кој потоа ќе треба да ги запише новонастанатите промени во друштвото.

Во ваков случај, Владата на Република Северна Македонија, преку Министерството за економија и труд во чија надлежност е Законот за трговските друштва, ќе ја следи состојбата доколку овие две институции се согласни да ги спроведат, односно запишат податоците од постапката за зголемување на основна главнина со заем што се трансформира во влог во друштвото кој што е даден од единствениот акционер на друштвото кое е во целосна негова сопственост.

<u>Точка 32</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Хилтон, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор).

<u>Точка 33</u>

Владата го разгледа Записникот од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 9 септември 2025 година, со Записник од Петтата седница на Групата за процена, одржана на 9 септември 2025 година и со предлог-одлуки и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 9 септември 2025 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Периодот на постоење на кризната состојба на територијата на Република Северна Македонија е во траење од 30 дена.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ангажира полициски сили во функција на поддршка при гаснење на пожарите.

5. Се задолжува Министерството за здравство и здравствениот персонал од општа и медицина на трудот да бидат во приправност за времетраењето на кризната состојба.

6. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни наменски финансиски средства доколку за тоа се покаже потреба.

7. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

8. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба поради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, Владата му предлага на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

9. Се задолжува Главниот штаб при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

10. Се задолжува Главниот штаб при Центарот за управување со кризи, веднаш да започне со подготовка на акциски план за превенција и справување со пожарите, како и целосен преглед на расположливите човечки и материјално-технички ресурси и план за координирано дејствување.

11. Во случај на потреба, Владата да одлучи за учество на меѓународни организации, институции и поединци во справувањето со кризната состојба.

12. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, врз основа на процена на Главниот штаб при Центарот за управување со кризи за расположливост на националните ресурси за справување со пожарите и неоходност за вклучување на странски ресурси за справување со пожари, да го активира Механизмот за цивилна заштита на Европската Унија и да побара помош и на билатерална основа.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за употреба и управување со ресурси од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување при постоење на кризна состојба поради зголемена појава на пожари на територијата

на Република Северна Македонија, да се разгледа на наредната седница на Владата, откако Одлуката за постоење на кризна состојба поради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на процес - аплицирање до Зелениот климатски фонд за отварање на Регионална канцеларија на Зелениот климатски фонд во Скопје, Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го координира процесот за подготовка на апликацијата за Регионална канцеларија на Зелениот климатски фонд во Скопје, Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за образование и наука, Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за економија и труд, најдоцна до 12.9.2025 година до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ги доставаат следните податоци:

1) Министерството за надворешни работи и надворешна трговија:
- Писмо за поддршка;
- Да се потврди посветеноста и можноста за финализирање на Нацрт Host country agreement и доделување привилегии и имунитети, како што е наведено во Услови за работа за избор на земјите/градовите домаќини за регионално присуство на Зелениот климатски фонд;
- Да се наведе проценета временска рамка за завршување на Нацрт Host country agreement;
- Степен на дипломатско претставување на градот домаќин со земјите во регионот - достапност на амбасади и конзуларни установи за поддршка на услугите за визи во градот домаќин за патување во регионот и за олеснување на соработката со владите на другите земји во регионот каде Република Северна Македонија припаѓа – Западен Балкан, Источна Европа, Централна Азија и Монголија и поврзаност;

2) Министерството за финансии:
- Писмо за поддршка;
- Да се наведе присуство на екосистем за финансирање на климатските промени и институционален екосистем усогласен со мандатот и стратешките цели на Зелениот климатски фонд во градот домаќин - карактеризиран со активно присуство на агенциите на Обединетите нации и меѓународните и регионалните развојни и финансиски институции кои овозможуваат комплементарност и кохерентност, еднаков пристап за ранливите и недоволно опслужените земји и динамична заедница за финансирање на климатските промени способна да ги поттикне иновациите и инвестициите;
- Податоци за согласностите кои Министерството за финансии ќе ги дава за поддршка од земјата домаќин преку финансиски олеснувања и/или прилози во натура (дадени во апликацијата);

3) Министерството за образование и наука:
- Обем на меѓународни училишта во градот домаќин кои нудат наставна програма базирана на англиски јазик, од градинка до 12-то одделение, меѓународна матура за деца на персоналот, како и подготвеноста и способноста на земјата домаќин да поддржи запишување во институциите;

4) Министерството за социјална политика, демографија и млади:

- Обем на меѓународни училишта во градот домаќин кои нудат наставна програма базирана на англиски јазик, од градинка до 12-то одделение, меѓународна матура за деца на персоналот, како и подготвеноста и способноста на земјата домаќин да поддржи запишување во институциите - фокус на градинките;

5) Министерството за економија и труд:
- Степен до кој земјата/градот домаќин обезбедува услови за поддршка на вработувањето на партнери, вклучувајќи механизми за олеснување на добивањето работни дозволи или пристап до локалните пазари на вработување.

3. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја достави Апликацијата за Регионална канцеларија на Зелениот климатски фонд во Скопје, Република Северна Македонија до Зелениот климатски фонд, најдоцна до 19.9.2025 година.

Точка 35

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за учество на Република Северна Македонија во Програмата EU4HEALTH 2021-2027, поради потребата предлагачот да го докомплетира материјалот во соработка со Секретаријатот за законодавство и да обезбеди мислење од Министерството за финансии.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

Точка 36

Владата го разгледа Барањето на Вероника Горбок, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за спорт.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:15 часот.